Земја без залез

Марија Андријашевиќ

traduki

Издавањето на ова дело беше поддржано од ТРАДУКИ, книжевна мрежа, на која припаѓаат Сојузното министерство европски и меѓународни прашања на Република Австрија, Министерството за надворешни работи на Сојузна Република Германија, Швајцарската фондација за култура ПроХелвеција, Австриското здружение на преведувачи (Куќа на книжевноста Виена) по налог на Сојузното министерство за уметност, култура, јавна служба и спорт на Република Австрија, Гете Институтот, Фондацијата С. Фишер, Агенцијата за книги на Словенија, Министерството за култура и медиуми на Република Хрватска, Министерство за општество и култура на кнежеството Лихтенштајн, Фондацијата за култура Лихтенштајн, Министерството за култура на Албанија, Министерството за култура и информирање на Република Србија, Министерството за култура на Република Романија, Министерството за наука, култура и спорт на Црна Гора, Саемот на книгата во Лајпциг, Министерството за култура на Република Северна Македонија и Министерството за култура на Република Бугарија.

Библиотека – Аквамарин

Главен уредник
Филип Димевски

Лектура
Ирена Ралева

Наслов на оригиналот:
Marija Andrijašević *Zemlja bez sutona*

Copyright © by Marija Andrijašević, 2021
Copyright © за македонското издание Бегемот, 2024
Copyright © of the translation: S. Fischer Foundation by order of TRADUKI

Компјутерска обработка
Бегемот

Ликовно уредување
Наталија Лукомска

© Сите права на изданието ги има БЕГЕМОТ ДООЕЛ – Скопје. Забрането е копирање, умножување и објавување на делови или на целото издание во печатени или електронски медиуми без писмено одобрение од издавачот.

Земја без залез

МАРИЈА АНДРИЈАШЕВИЌ

(роман)

превод од хрватски јазик
Владимир Јанковски

Скопје, 2024

„...'Јас ќе те водам, по мене летај!' Потем го учи
како да лета, на плеќи му мести непознати крилја."[1]

„Повторно се одигра – целосно во тишина – една трагедија во царството на животните. Повторно нашата земја стана посиромашна за еден карактеристичен животински вид."

„Сè уште тече низ моите вени, таа горчлива река на нашите денови."

[1] Публиј Насон Овидиј, „Преобразби", превод од латински јазик: Љубинка Басотова. Скопје: Три, 2002. (Забелешка на преведувачот. Сите забелешки во текстот се на преведувачот.)

Сонував дека си отпловил со едреник и си запловил низ реката кон далечните мориња за да ми го најдеш одамна истребениот речен полжав. По три месеца потрага по полжавот, пративме потрага по тебе. Те најдовме на брегoвите на Огнената Земја. Твојата посада се раситни во песокот, а ти не сакаше да се вратиш без нив. Умре опкружен со дивината, од сонце и жед. Од устата ти израсна стебло слива од кое ти пееја косови и некои гласни птици. Телото никогаш не ти скапа, беше такво какво што е, само што не беше живо. Можеше да се препознае во одблесокот на песокот, во бакарниот залез, кога како распнат молеше за милост, со корењата закован за лавата. Трагачите те испратија во три гласа, рано наутро, а мене ми донесоа богатство од островот: кошница полна со сливи и две птици во кафез, една женска и една машка, кои своето гнездо го свија во увото на речниот полжав. Бев вдовица, трудна од болка и тага. Вресокот што одекна над празниот одар го напукна небото, а птиците што пламнаа како оган над крошните, твоето име преку ветровите го однесоа на далечните песочни брегови. Твојата земја се сеќаваше на тебе.

Од срцето на мостот кај Лаќарево, на оддалеченост од стотина метри, мојата портокалова џета изгледа како шатор подигнат во царството на ниски грмушки и змии. Од зад грбот, од далечината на кањонот, доаѓаат крици, и иако за миг помислив дека потекнуваат од некои нови Косови, се покажува дека станува збор за двоец во гумен чамец што реката под моите нозе за миг го носи низ своите брзаци во завоите. На таа средина колената ме издаваат двапати: ги вадам очилата за сонце, за да препознам барем нешто, мене да ме препознае нешто, и себеси да не се обвинам за ова добредојде, но освен штурците, никој не дава никаков знак дека сум се вратила.

Цетина за ова време од годината е необично висока, а на ливадите под куќите на Лаќарево, вкопани во карпата прилепена на Врј, порано користени за пасење и премин до Воловиште, на големите и плодни ливади покрај коритото, сега стојат знаци PRIVATE и сликички на пречкртани шатори и кајаци. Потонати во неколку стебла на брезорест и дваесетина ниски фиданки, покрај нив ѕиркаат обесени знаци за RCZ CREW. Или, како што прочитав на огромната огласна табла неколку метри понатаму: RAFTING, CLIMBING & ZIP LINE искуство, со бесплатно кампување за сите оние што сакаат повеќе од еднодневна CRRRREEEWWWZZZZIIINNEESSSAAA. Ете, токму така пишува на колажот од фотографии со полуголи мажи и девојки со широки насмевки, изгорени рамена и мрсни очила за сонце, во гумени чамци, кајаци, закачени како со спојувалка за високите карпи на кањо-

нот, во летот од едниот до другиот крај на сребрената сајла. Патот од мостот кај Лаѓарево до расчистениот песоклив брег е – бетониран. Врби, дабови, дива бука и липи повлечени настрана, никаде капини. Кањонот, во овој дел од Цетина, е под инвазија.

– Најн, никс, но – прозбори црната бала слама потпрена на стариот, замастен стап и покриена со црна шамија, застаната пред влезната врата на втората од трите куќи во Лаѓарево, на патот меѓу Воловиште и џетата. – Лева, лева. Вајаж, вајаж.

– Во ред е – велам – јас сум од тука.

Со кафеавите, дебели прсти, во чии пори од ноктот до дланката се врежала црница, ги поткрева очилата со диоптер од самарот и ги става на носот. Очите ѝ спијат.

– Ти не си оттука.

– Сум, горе од Врј.

– Чија од Врј? Олку се! – два прста ми летаат под носот. – Не си ниедна од нив.

– Од Жарко Сутон.

Зад очилата се шират две, сега џиновски очи.

– Од Жарко? Ој, по ѓаволите!

– Глорија – важна сум.

– Као да не те знам! Ја ве пораснав. Дал' се омажи?

– Јок.

– Ни нема – проценува.

– А што се случува тука, какви се оние табли онаму?

– Ѓаоли, летаат по цел ден, овие-оние, од ваму од таму, присвоија сè. Е па, не може така!

– Кој, овие со гумениве чамци?

– Тие, тие! Дојдоа да праат рафтинг, или како шо рече внукот кањонинг. Сè на нашата земја. Го раскопаа таму и Воловиште, веќе нема чоек кај живината да ја напои. Срам да им е. Пу!

Ми плука под нозете. Тоа предизвикува сеќавање. Секогаш кога со Јадран ќе тргневме накај Воловиште, таа

од страв врескаше зад нас, да даде Бог водата да ви биде постела, да даде Бог да се оладите до утрото, да даде Бог ова, да даде Бог она. Старата од Лаѓарево, и пред речиси триесет години – стара. Со глава во шамија, црни раце, црно лице, за неа времето, како и за малкумина тука, немало милост. Сигурно ја поминала осумдесет и петтата.

– А сè уште чувате крави и волови?

– Какви крави, какви волови, ќеро божја, ја едвај меурот си го чувам.

– Дал' тука живее некој друг освен вас?

– Како да не. Внукот и жена му, и двајца правнуци. Син ми умре, Бог да го прости – ја подигнува главата нагоре и се крсти брзо – од срце! – и почна да лелека – во полето! Невестата, фала Богу, живее во градот.

– Другите од Лаѓарево?

– Овие околу мене се во градот. Овие над, сега добија пат, кај ќе одат.

Од ниското полетувалиште кон Врј, рид покрај чии серпентини куќите се закачени како букви на хартија, се спушта мирис на свежо асфалтиран пат.

Што уште можам да ја прашам? Што уште може да ми каже? Чувството на непријатност телото го преведува во чешање на лактовите и фаќање за наддланките, па и трпки во колената, и ме брка од оваа стара познајничка.

– Идам јас сега – и не ме гледа, ги става очилата на самарот, ги затвора очите.

Одредено време седам во автомобилот, скриена од сонцето и излезот на брзиот пат што води до градот за кој до пред малку зборуваше старата лаѓарка. Градот, митското место поврзано со Врј прво со старата железница попозната како Рера, потоа со тенко асфалтирани патишта што се распукнуваа и се вкрстуваа во искривени патокази под тркалата на автомобилите, сè додека пред неколку години не е изграден автопатот со брз поглед на минатото и скржавиот крај чија река ги мамеше

сите што поминуваа оттука. Градот, местото чија вода, за разликата од нашата слатка, оставаше сол на кожата и врз усните. Цивилизација, машини, автомати, врева, колони, место што далеку кон своите граници, па и преку нив, ги протера мирот и тишината. Луѓето од градот, за разлика од нашите, не умираа во полињата со компир туку под неонки, со главите над насловните страници на списанијата, со главите доближени до телевизиските и компјутерските екрани, на кревети од увозно дрво, напнати како пружини, опкружени со острите линии на модерниот мебел од иверка и ПВЦ-столарија што ги штити од тука сосема лековитата бура. Луѓето од градот се предаваат лесно, самоволно го откорнуваат срцето од Бога дадените, навидум непробојни гради, со рацете. Луѓето од градот, ни поинакви ни подобри од другите. Со едно срце и гради што не го вдишуваат кислородот туку го голтаат, го цицаат и го туркаат низ крвотокот во воздушни перници, сè додека некој учен, школуван, не каже исхемија, застој, згрутчување, удар.

Густ и тежок воздух каков што напролет обично знае да удри во кањонот на Цетина, овој пат ароматизиран со ванила, ми ги струга исушените ноздри. Едвај дишам. Го тргнувам жолтото борче од ретровизорот и го фрлам низ прозорецот. Ќе морам да те соберам, нели, си мислам. Не можам да те оставам тука. Не сум научена така. Ќе те сместам во багажникот. Или можеби само добро ќе зашлајфувам со гумата во рикверц.

– Собери го тоа – ми се обраќа вжарената грмушка.

– Покажи се – sиркам со главата низ спуштениот прозорец. – Излези, пред змијата да те...

– Тука нема змии – ме пресекуваат шушкавите лисја.

– Ги гледам оттука. Ене, една, две... Не гледам од онаа врба дали тоа е некој ползавец или...

Зад недоразвиениот даб, од главата во единственото засолниште на капини и дива лоза од оваа страна

на брегот, ѕиркаат две зелени очи под белиот визир од крпа. Девојче.

Од рамните гради го подигнува малиот двоглед.

– А бе, ти си луда! Белоушка! Тоа попрво ќе изеде жаба отколку мене. Рафтингот ти е на онаа страна – гледа низ двогледот. – Таму има и канта – со стапалото ја потапка земјата покрај мирисливото борче.

Ја послушувам оваа мала шумарка, па пред малку отфрленото борче, наместо во канта, повторно го насадувам на ретровизорот. Дал' сега е сè во ред, ѝ кажуваат моите спуштени рамена и стиснати очи. Ја поместува тенката кожена лента на која виси двогледот и го трие вратот. Не ѝ е гајле, значи, добро е. Ух. Ѝ свирам и ја спуштам рачната, па преку мостот фаќам залет кон Врј. Во задниот поглед на новиот црн пат, песокливиот дел од брегот и двете бели врби отерани во течението на реката, па и старата лаѓарка, гледам мала сцена во ретровизорот, затрчана, задишана и црвена, со размавтани раце. Запирам и тргнувам во рикверц.

– Шо-не-кажваш-дека-ојш-на-Врј? Ќе ме префрлиш?

– До каде?

– До Сутони, второ село на Врј, ќе ти покажам.

Таа ќе ми покаже мене.

Врј е местото од каде што се Сутони. Врј е гнездо свиено на врвот од планинското стебло што, ако не знаеш каде да гледаш, не нуди поглед никаде посебно. Север, југ, исток, запад, каде и да се свртиш само долини, ридови, шуми, суви ѕидови, полиња, пасишта за крави, шталско ѓубре, поила, сè е ограничено со кањонот на Цетина и е недостапно за човечкото око. Врј не е место, или како што во весниците и приказните ги опишуваат *малите места* – галерија на живописни, мили, комични ликови. Тоа дури не е ни мало место, тоа е село, едно мало сиромашно село поделено на десетина маала и исто толку презимиња (па и некое повеќе), многу камени куќи

никнати на глинена жила во која се засекува и пресекува сè: од темели на суви ѕидови до бунари, од гробови до стебла сливи, ореви, полиња со кромид и црвен кромид, од крвави опипувања на жилата и нејзините по животот – по душата опасни истекувања. Тука човекот, кога ќе го погледнеш, е како Врј – никаква значајна глетка. Одраз на земјата што го опкружува. Сув, тврд, молчалив, сè додека не го поткачиш со нешто. И лесно кршлив, но само однатре и невидливо. Барем себеси, некогаш одамна, така си го протолкував тоа. Сеедно, Врј е рај на земјата, прва станица на секој млад природонаучник и љубител на фотосинтезата на патот до славата, неисполнета желба пред смртта на секој човек што со дланката или со голо око сакал да црпи директно од изворот на животот. Макар и со весла од гумен чамец, со крици што од крошните на густежот во реката ги скориваат од сон изненадените змии.

Мојата нова пријателка се покажува како молчалива сопатничка. Седнува во џетата, го врзува појасот и така задишана, ги затвора очите, а ѕирка во текот на целиот пат. Дури при влезот во Сутони, вели:

– Фала, моеш да застанеш тука. Ене го татко ми.

Го знам јас татко ти, си мислам. Па и таков, здебелен и испотен, во чкрипењето на брусилката и лентата прашина што како да излегува директно од неговата уста во жегата и штурците и се натпреварува во гласноста со нив.

Денес е најтоплиот ден во април во последните десет години, вели радиото, и пред мене од точилото што се врти, по својата ќерка излегува мојата половина, мојот пријател од детството, незаменливиот помошник, војникот вооружен со џебно ноже и прачка, од кој како таков се збогував летото кога умре Дедо и кога престанав да бидам момче. Косот, Јадран.